## Зашто сакаме да организираме женски суд?

Затоа што институционалниот правен систем не ја задоволува правдата, ни на меѓународно, а уште помалку на национално ниво; ова посебно се однесува на државите од поранешна Југославија во кои политичките елити вложуваат голем напор се со цел да ја заобиколат правдата или правдата се жртвува поради политички интереси и опстојување на власта.

Затоа што преку *женскиот суд* жените стануваат субјекти на правдата, потикнуваат создавање на поинакви судски пракси, тоест влијаат на институционалниот правен систем.

Затоа што *женскиот суд* е место за гласовите на жените, за сведочење на жените за секојдневните искуства за неправдите претрпени во текот на војната и сега во мир; на женскиот суд жените сведочат за насилството во приватната и јавната сфера.

Затоа што *женскиот суд* го поттикнува јакнењето на мрежата на взаемна поддршка и солидарност се со цел да се создаде силно автономно движење на жените.

Затоа што *женскиот суд* го поттикнува создавањето на поинаков, феминистички, концепт на одговорност, грижа, сигурност се со цел да се изгради праведен мир.

## Што сакаме да постигнеме со организирање на женскиот суд?

*Ги поттикнуваме жените да сведочат за сите врсти на структурни неправди:* сиромаштија, експлоатација на работно место и насекаде, бруталност, непречено и неограничено делување на законот на пазарот, социјална и здравствена загрозеност, злоупотреба на религијата во политички цели...

*Го креираме алтернативното пишување на историјата:* како преку издавање на публикации за досегашните искуства од работењето на женскиот суд и трибуналот така и со објавување на нашите искуства од работата на организирање на женскиот суд на територијата на некогашна Југославија.

*Го зајакнуваме глобалниот феминистичко-пацифички сојуз и коалициите:* во правец на казнување на насилството и злосторството, влијание на меѓународните институции на правдата се со цел да се донесат документи и резолуции врз основа на секојдневни искуства на неправда врз жените и над сите оние кои имаат мала општествена, економска и политичка моќ.

## Кои активности ги организираме до одржување на женскиот суд?

*Едукативна работа на терен:* семинари, работилници, конференции, тркалезни маси....

*Истражувачка работа од интерактивен карактер на терен:* поради прибирање на информации, предлози, сугестии поврзани со поимот и визијата за правда, како и одбирање на теми на женскиот суд.

*Создаваме јадро за поддршка на женскиот суд:* таканаречени кор групи во облик на коалиција на активистите на НВО, медиите, уметничките задруги и уметници, институции.

*Јавни презентации* на иницијативата за организирање на женскиот суд на територијата на поранешна Југославија.

*Проекции на документарни филмови* за искуствата на женските судови на меѓународно ниво и за искуствата на собирите на жените и мрежите во поглед на феминистичкиот пристап кон правдата.

*Уметнички настани:* театарски претставиии, изложби, перформанси...

*Покренуваме веб страница и билтен* за искуствата во организирање на женскиот суд.

*Организираме женски суд на територијата на поранешна Југославија* - место за сведоштва и глас на жените, за автономија на жените преку активно учество во изградбата на правдата и мирот, за креирање на нови парадигми на правдата.

## Историја на иницијативата за организирање на женскиот суд на територијата на поранешна Југославија

Активистките на граѓанските здруженија од организациите кои го сочинуваат Иницијативниот одбор за женскиот суд на територијата на поранешна Југославија од почетокот на војните (1991) беа најактивни во отпорот против војната, национализмот, етничката хомогенизација, милитаризмот. Независно од пречките и забраните кои ги наметнуваа националистичко-милитаристичките режими, тие непрекинато ја одржуваа соработката, создаваа мировна мрежа надвор од државните, етнички граници и поделби. По војните активистките на граѓанските здруженија- бранителки на човечките права, мировното и автономното женско движење најактивни се во акциите насочени кон казнување на злосторството, помош и подршка на жртвите од војните злосторства, во акциите против порекнување на злосторството, релативизирање на злосторствата од блиското минато, како и во креирање на феминистичкиот модел на транзициската правда.

Кон крајот на 2010. година, членовите на Иницијативниот одбор во состав: Жени на жените, Сараево (Босна и Херцеговина), Центар за женско и мировно образование, Анима од Котор (Црна Гора), Центар за женски студии и Центар за жени жртви на војната, Загреб, (Хрватска), Косово жените мрежа, Центар за женски студии и Жени во црно, Белград, ја започнаа иницијативата за организирање на женскиот суд на територијата на поранешна Југославија.

Жените во црно се носители на програмските активности во организирањето на женскиот суд, договарање и координирање на сите активности со сите организации кои го сочинуваат Иницијативниот одбор.

## Феминистички пристап кон транзициската правда на Жените во црно

Од почетокот на делување на Жените во црно ова прашање претставувало еден од најважните сегменти на мировната политика.

Феминистичкиот пристап кон транзициската правда не го негира постоечкиот модел на транзициска правда и институционалните механизми на правдата, туку претставува нивно обмислување и вклучување на димензиите на родот во теоријата и праксата на правдата, а во прв план креирање на нови модели на правда.

*Жени во црно*
*Југ Богданова 18/5, Београд*
*+381 11 26 23 225*
*zeneucrnom@gmail.com*
*www.zeneucrnom.com*

Реализирано со финансиска помош на Мама Кеш (Mama Cash)



# ЖЕНСКИ СУД ЗА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА